**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. С. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
E: contact@rsm.mk
www.rsm.mk

**03-75-1/2023**

**Скопје, 19.04.2023**

**До**

**Здружение на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО Скопје**

Почитувани,

Вашето Здружение на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО Скопје (ЕМБС 07296185) со Решение број 41-1863/1 од 12.04.2022 година има добиено статус на организација од јавен интерес.

Во врска со извршување на независна годишна ревизија на здруженија или фондации со статус од јавен интерес, би сакале да ви укажеме на следниот член од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010, 135/2011, 55/2016 и 239/2022):

*XI. СТАТУС НА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС*

*14 Ревизија*

*Член 86*

*(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 20.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија е должно да изврши независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако има буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија, е должно да изврши ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.*

*(2) Извештајот за ревизијата од ставот (1) на овој член се поднесува заедно со извештајот од членот 77 став (2) алинеја 4 на овој закон, најмалку еднаш годишно.*

Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО Скопје во Билансот на приходи и расходи во годишната сметка за 2022 година има прикажано вкупно расходи од 803.600 денари и вкупно приходи од 4.500 денари, односно непокриени расходи од 799.100 денари.



РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

Следствено, согласно податоците од годишната сметка, вашето Здружение не го исполнува условот за извршување на независна годишна ревизија на своето финансиско работење, односно немате обврска за доставување на Извештај од независниот ревизор до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Организационата единица за соработка со граѓански организации.

Ви стоиме на располагање за сите дополнителни прашања.

Со почит,

Јаглика Јорданова Андријеска, управител

Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје

RSM
Друштво за ревизија РСМ
МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје